Влада на Република Северна Македонија
Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut

**ЦЕНТАР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ**
**QENDRA PËR MENAXHIM ME KRIZA**

Дел. бр. 15-3408/1

19-12-2019 година

# ГОДИШЕН ПЛАН

**за работа на Центарот за управување со кризи за 2020 година**

**ДИРЕКТОР**
**m-r Agron Buxhaku**

**Скопје, Декември 2019 година**

## 1.ПРОГРАМИ

- Програма 1 : Стручно-специјализирани обуки и вежби за управување со кризи
- Програма 2 : Воспоставување на единствен комуникациско-информациски систем

- **Цели на програмите и потпрограмите/потпрограмите и проектите:**

**Програма 1 :** Со имплементацијата на планираните програмски активности од Програма-1, Центарот за управување со кризи, постојано ќе гради капацитети за целосна организациска, административна и стручна подршка на Владините тела во чија надлежност е управувањето со Системот за управување со кризи (Управувачки комитет, Група за процена), оперативно-стручна и техничка поддршка на Главниот штаб за управување со кризи, како оперативно и стручно тело, кое раководи и координира со оперативните активности за одговор при настанати несреќи и катастрофи на територијата на Република Македонија, како и со отстаранување на предизвиканите штети и последици;

**Програма 2** : Со имплементација на планираните програмски активности од Програма-2, Центарот за управување со кризи, ќе изврши интеграција на постоечките подсистеми за итна помош во Р.С.Македонија во еден модерен систем за прием на сите повици за итна помош, пренасочување кон надлежните служби и координирање на одговорот на надлежните субјекти при итни состојби, воспоставување на современи, сигурни и безбедни системи за комуникација и јавно тревожење на населението во случај на катастрофи, како и воспоставување на функционален NIKS систем на веб-базирани апликации

- **Поврзаност на програмите со стратешките приоритети и цели на Центарот и приоритетите на ВРМ**

**Програма 1 :** Програмата произлегува од член 29 од Законот за управување со кризи и Уредбата број 15-1040/1 од 09.03.2010 година, со која ЦУК се определува за носител на планирањето, подготовката и реализацијата на обуки и вежби за потребите на Цектарот и субјектите кои го остваруваат Системот за управување со кризи и истата е во функција на подршка на стратешкиот приоритет на Владата на РСМ содржан во одлуката за стратешки приоритети – полноправно членство на Р.С.Македонија на НАТО.

**Програма 2 :** Програмата произлегува од обврските во рамките на Акциската програма од 2016 година "Migration and asylum,border management and fiht against and organizied crime " и од усвоената Директива за универзална услуга и правата на корисниците во врска со електронски комуникациски мрежи и услуги 2001/22/ЕС, со која земјите членки на ЕУ се обврзани да го воспостават единствениот европски број за повикување при итни состојби и во случај на катастрофи. Истата е во функција на подршка на стратешкиот приоритет на Владата на РМ содржан во одлуката за стратешки приоритети - полноправно членство на Р.С.Македонија на НАТО.